**To:**
**Cc:**
**Subject:** Одговор на претставка

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 16.02.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4 | | |

Почитуван,

Во врска со претставката (наш бр.03/4 од 02.02.2022 година) што до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја доставивте преку електронска пошта, Ве информираме за следново:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги испрати допис до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги реемитуваат програмските сервиси на Пинк каналите, на кои се пренесува реалното шоу Задруга, со кој им укажа дека на своите претплатници треба да им овозможат мерки за родителска контрола, односно мерки за заштита на малолетната публика од содржини кои би можеле да бидат штетни за нив, на начин што:

- Основниот пакет нема да содржи програми кои не се соодветни за публика под 18 години,
- Пристапот до ваквите содржини во периодот од 05:00 до 24:00 часот да биде само со претходно внесување на PIN код, со што би се овозможила родителска контрола, односно на малолетниците би им се ограничил пристапот до такви содржини, или
- Пристапот до каналите на кои се емитуваат вакви содржини да биде само со претходно внесување на PIN код

Најголем дел од операторите што ги реемитуваат програмските сервиси на Пинк, не известија дека веднаш постапиле по нашето укажување, односно дека овие канали не се дел од основниот туку од дополнителниот пакет, и дека пристапот до овие содржини е само со претходно внесување на PIN код.

Со почит,